РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Бр.-Nr. 02-8357/1
05-12-2022 20
Скопје-Shkup

Врз основа на член 57, став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11, 96/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), а во врска со точка 3.2 од Решението на министерката за одбрана бр.02-1/109 од 09.09.2022 година за „Организација и реализација на работилница - Спроведување на анализа на работни места“, министерката за одбрана донесе

# РЕШЕНИЕ
## за спроведување на Проект „Анализа на работните места во Министерството за одбрана“

1. Со ова решение согласно точка 3.2 од Решението за Организација и реализација на работилница - „Спроведување на анализа на работни места“, бр.02-1/109 од 09.09.2022 година, во Министерството за одбрана отпочнува спроведување на Проект „Анализа на работни места во Министерството за одбрана“ кој ќе се спроведе од страна на четири тимови,во состав:

**1.1. Тим 1:**
**Ирена Станковска**, раководител на одделение од Сектор за човечки ресурси;
**Елена Иванова**, советник од Сектор за човечки ресурси;

**1.2 Тим 2:**
- **Никица Јовановска**, раководител на одделение во Сектор за човечки ресурси;
- **Емилија Петровска**, помлад соработник од Сектор за поддршка на министерот;

**1.3 Тим 3:**
- **Миневере Лесковица**, советник од Сектор за човечки ресурси;
- **Тони Кос**тески, помлад соработник од Сектор за човечки ресурси;

**1.4 Тим 4:**
- **Татјана Атанасовска**, советник од Сектор за човечки ресурси;
- **Марија Тренчиќ**, помлад соработник од Сектор за човечки ресурси.

**2.** За одговорно лице за оваа задача во насока на изработување на план за работа, методологија по која ќе се изработува анализата, како и остварување на

директен контакт со експертите од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Норвешка - CIDS во однос на нивна техничка поддршка во планирањето и реализација на анализата, се определува **Ирена Станковска, раководител на Одделение за персонал во Сектор за човечки ресурси.**

3. Опфатот на задачата се однесува за сите работни места во Министерството за одбрана и на сите вработени со кои ќе се спроведат поединечни интервјуа, по претходно подготвен и унифициран анкетен прашалник.

4. За вработените во Министерството од категорија Б, како и активниот воен персонал поставен на раководни места во Министерството за одбрана, поединечните интервјуа, по претходно подготвениот и унифициран анкетен прашалник ќе ги спроведат **Ирена Станковска раководител на одделение од Сектор за човечки ресурси и Никица Јовановаска раководител на одделение од Сектор за човечки ресурси**.

5. Се задолжуваат Раководителите на Организационите единици во Министерството за одбрана да овозможат непречена реализација на интервјуата и присуство на вработените согласно утврдениот динамички план кој е составен дел на ова решение, за што одговорното лице од точка 2 на ова решение ќе доставува поединечни електронски известувања за датумот, времето и вработените со кои ќе се реализираат интервјуа.

6. Одговорното лице од точка 2 на ова решение, доколку при спроведување на активноста утврди потреба од ИТ техничари или аналитичари, може да побара дополнително ангажирање на лица од составот на Министерството кои ги имаат потребните компетенции и кои ќе земат учество во спроведување на анализата, за што раководителите на Организационите единици од чиј состав се лицата потребно е да ги ослободат од други работни обврски во периодот на нивното ангажирање.

7. Се задолжува Секторот за услуги и туризам, возен парк, одржување и обезбедување да обезбеди моторно возило за непречена реализација на активноста во организационите единици лоцирани надвор од зградата на Министерството за одбрана на целата територија на Република Северна Македонија.

8. Се задолжува Секторот К-4 да обезбеди техничка поддршка, односно 4 (четири) лап топа за работа на тимовите.

9. Се задолжува Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка ова Решение да го објави на ВЕБ порталот на министертвото.

10. Се задолжува одговорното лице од точка 2 на ова решение, по завршување на активноста во рок од 20 работни дена до Државниот секретар и Министерката за одбрана да достави Извештај за спроведена Анализа на работни места во Министерството за одбрана со конкретни предлог заклучоци.

11. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Изработил:Тони Костески
Контролирал: Ирена Станковска
Согласен: потполковник Јетнор Марке
Одобрил: Владимир Анчев

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Славјанка Петровска

Прилог:
-динамичен план

Доставено до:
- Кабинет на министерката за одбрана;
- Државен секретар;
- Државни советници;
- Сектор за човечки ресурси
- Сите Сектори и Самостојни одделенија и
- Архива